# УПАТСТВО ВО ПАКУВАЊЕТО: ИНФОРМАЦИИ ЗА КОРИСНИКОТ
## Верапамил Алкалоид® ретард 240 mg филм-обложени таблети со продолжено ослободување
## verapamil hydrochloride

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството бидејќи содржи важни информации за Вас.**
- Чувајте го упатството, можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот доктор или кај фармацевт.
- Овој лек Ви е пропишан Вам и не треба да го давате на други лица бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.
- Ако забележите некоја несакана појава потребно е да го известите Вашиот доктор или да фармацевт. Ова важи и за сите можни несакани дејства кои не се наведени во ова упатство. Видете го делот 4.

**Упатството содржи:**

1. Што претставува Верапамил Алкалоид ретард и за што се употребува
2. Што мора да знаете пред да употребите Верапамил Алкалоид ретард
3. Како да се употребува Верапамил Алкалоид ретард
4. Можни несакани дејства
5. Како да се чува Верапамил Алкалоид ретард
6. Содржина на пакувањето и други информации


**1.Што претставува Верапамил Алкалоид ретард и за што се употребува** Верапамил Алкалоид ретард содржи верапамил хидрохлорид кој припаѓа на групата лекови наречени блокатори на калциумовите канали. Блокаторите на калциумовите канали го менуваат количеството калциум кое навлегува во мускулните клетки на срцето и во крвните садови. Тоа може да ги промени силата и брзината со која пулсира Вашето срце. Исто така, ги шири крвните садови така што крвта полесно може да се испумпува низ целото тело. Тоа овозможува да се доведе повеќе кислород до Вашиот срцев мускул и да се снижи Вашиот крвен притисок.

Верапамил Алкалоид ретард се употребува за лекување хипертензија (висок крвен притисок) и за превенција од напади на ангина (градна болка).

## 2. Што мора да знаете пред да употребите Верапамил Алкалоид ретард

**Немојте да употребувате Верапамил Алкалоид ретард ако:**
- сте алергични на верапамил или на некои други супстанции на лекот наведени во делот 6;
- Вашиот крвен притисок е многу низок како резултат на заболување на срцето (за време на шок);
- сте доживеале неодамнешен тежок срцев удар (во изминатите 7 дена);

- имате срцева слабост или срцев блок од втор и трет степен (нарушување на срцевите нервни сигнали кои предизвикуваат многу бавен срцев ритам) или нарушување на електричната функција на срцето (атријална фибрилација/флатер) предизвикувајќи периоди на многу брз срцев ритам (Волф-Паркинсон-Вајтов синдром или Лаун-Генонг-Левајнов синдром);
- имате заболување на срцевите валвули или синдром на болен синус (неправилен срцев ритам) и немате пејсмејкер;
- истовремено земате лекови за лекување на некои срцеви заболувања кои содржат ивабрадин.

**Предупредувања и мерки на претпазливост**
**Разговарајте со Вашиот доктор или со фармацевт пред да употребите Верапамил Алкалоид ретард:**
- ако имате срцева слабост, АВ-блок од прв степен или неправилна работа на срцето;
- ако имате многу низок крвен притисок;
- ако имате заболување на црниот дроб или на бубрезите;
- сте биле лекувани со бета-блокатори во форма на инјекции (освен во единиците за интензивна нега);
- ако имате невромускулно заболување како мијастенија гравис, Ламберт-Итонов синдром, напредната Душенова мускулна дистрофија.

**Други лекови и Верапамил Алкалоид ретард**
*Известете го Вашиот доктор или фармацевт ако употребувате, ако неодамна сте употребувале или ако постои можност да употребувате други лекови, како на пример:*
- бета-блокатори, кои се употребуваат за лекување висок крвен притисок и некои срцеви заболувања (пропранолол и метопролол);
- алфа-блокатори, кои се употребуваат за лекување висок крвен притисок, некои срцеви заболувања и заболувања на простата (празосин и теразосин);
- статини, лекови кои се упоребуваат за намалување на нивото на холестеролот, како што се аторвастатин, ловастатин, симвастатин;
- некои други лекови за висок крвен притисок или абнормален срцев ритам (аритмија) како што се флекаинид, кинидин, дигоксин, дигитоксин и дисопирамид;
- лекови за лекување депресија (вклучувајќи го и растителниот лек кантарион), анксиозност или психоза (имипрамин, буспирон и литиум);
- имуносупресиви, лекови кои се употребуваат за превенција од отфрлање на трансплантатот, како циклоспорин, сиролимус, такролимус или еверолимус;
- глибурид, кој се употребува за лекување на некои типови дијабетес;
- аспирин, нестероиден антиинфламаторен лек (НСАИЛ) кој се упоребува за намалување на болката и на покачената телесна температура;
- алмотриптан за лекување мигрена;
- мидазолам, кој се употребува како седатив или анестетик;
- теофилин за лекување астма;
- доксорубицин, кој се употребува за лекување малигни заболувања;
- циметидин, кој се употребува за нарушено варење на храната или за чир на желудник;

- антиконвулзиви како карбамазепин, фенитоин или фенобарбитал (фенобарбитон);
- рифампицин, кој се употребува за лекување туберкулоза и други типови инфекции;
- ритонавир, за лекување ХИВ;
- еритромицин, кларитромицин и телитромицин за лекување на некои инфекции;
- колхицин или сулфинпиразон за лекување гихт;
- дабигатран (лек кој го спречува создавањето крвни коагулуми);
- ивабрадин, за лекување срцеви заболувања;
- лекови познати како „директни орални антикоагуланти“, како дабигатран, апиксабан, ривароксабан и едоксабан;
- метформин, кој се употребува за намалување на шеќерот (гликозата) во крвта ( Верапамил може да го намали неговиот ефект).

Доколку треба да одите на стоматолог или на операција, информирајте го Вашиот хирург, стоматолог или анестезиолог дека земате Верапамил Алкалоид ретард. Таблетите може да имаат влијание врз анестетикот што ќе се употреби.

**Верапамил Алкалоид ретард со храна, пијалак и алкохол**
Не земајте сок од грејпфрут додека ги земате таблетите Верапамил Алкалоид ретард бидејќи може да влијае врз апсорпцијата на верапамил. Ова не се јавува со други овошни сокови, како сок од портокал, јаболко или домати.
Верапамилот може да ја зголеми концентрацијата на алкохол во телото и да го продолжи времето на елиминирање на алкохолот. Потребно е да избегнувате големи количини алкохол додека сте на лекување со Верапамил Алкалоид ретард.

**Бременост и доење**
Ако сте бремена, ако планирате бременост, ако мислите дека сте бремена или ако доите, побарајте совет од Вашиот доктор или од фармацевт пред да почнете да го употребувате овој лек.
Не е позната безбедноста во периодот на бременоста.

**Возење и ракување со машини**
Не смеете да управувате со возило или со машини сè додека не дознаете како таблетите делуваат на Вас. Овој лек кај некои лица може да предизвика вртоглавица и замор.

**Верапамил Алкалоид ретард** содржи лактоза. Ако Ви е кажано од Вашиот доктор дека не поднесувате некои шеќери, пред да го употребите овој лек контактирајте го докторот.
Овој лек содржи помалку од 1 mmol (23 mg) натриум во една таблета, така што може да се каже дека е без натриум.

## 3. Како да се употребува Верапамил Алкалоид ретард

Секогаш земајте го овој лек точно онака како што е објаснето во ова упатство или како што Ви кажал Вашиот доктор или фармацевт. Ако не сте сигурни, консултирајте се со својот доктор или со фармацевт.

**Хипертензија (висок крвен притисок)**
*Возрасни:* Вообичаена доза за хипертензија е една таблета дневно. Вашиот доктор може да Ви препише пониска доза, како половина таблета секој ден. Максималната доза за лекување висок крвен притисок е 480 mg секој ден. Во овој случај ќе треба да земате една таблета наутро и една навечер со интервал од 12 часа помеѓу двете таблети.

*Постари:* Вообичаената почетна доза е половина таблета секое утро. Вашиот доктор може да одлучи да ја зголеми оваа доза доколку е потребно.

**Ангина (градна болка)**
Вообичаената доза за ангина е една таблета двапати дневно. Треба да земете една таблета наутро и една таблета навечер со интервал од 12 часа помеѓу двете таблети. Вашиот доктор може да Ви препише и пониска доза во зависност од Вашите симптоми.

**Начин на употреба**
Таблетите голтнете ги цели со чаша вода без да ги дробите или џвакате.
Се препорачува таблетите да се земаат со оброк или брзо по оброк.
Бројот на таблети што треба да ги земете ќе зависи од состојбата што ја лекувате.
Таблетата може да се подели на две еднакви дози.

**Ако сте зеле поголема доза Верапамил Алкалоид ретард отколку што треба**
Ако сте зеле поголема доза Верапамил Алкалоид ретард отколку што треба, веднаш известите го Вашиот доктор или одете до најблиската болница. Земете ги таблетите со Вас за да ги покажете на докторот.

**Ако сте заборавиле да земете Верапамил Алкалоид ретард**
Ако заборавите да земете таблета, земете ја штом ќе се сетите, освен ако наближува терминот за следната доза.
Аке наближува терминот за следната доза, не земајте ја пропуштената. Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената.

**Ако престанете да земате Верапамил Алкалоид ретард**
Не прекинувајте го лекувањето со овој лек дури и ако се чувсвувате подобро бидејќи Вашата состојба може да се влоши доколку престанете да го земате овој лек. Земајте го овој лек сѐ додека Вашиот доктор не Ви каже да го прекинете лекувањето.

## 4. Можни несакани дејства

Како и сте лекови и Верапамил Алкалоид ретард може да предизвика несакани дејства, иако тие не се појавуваат кај сите. Доколку се појават некои несакани дејства, разговарајте со Вашиот доктор или со фармацевт, вклучувајќи ги и оние што не се наведени во ова упатство.

**Веднаш известете го Вашиот доктор доколку Ви се појават некои од следниве несакани дејства:**

- жолтило на кожата или на очите, жештина или осетливост во пределот на стомакот (овие знаци укажуваат на можно нарушување на функцијата на црниот дроб);
- срцебиење, појава на градна болка по првпат или почеста појава на градна болка, оток на скочните зглобови, жешки и болни зглобови на рацете и на нозете;
- неочекуван свиреж во градите, отежнато дишење, оток на устата, усните или јазикот или тежок исип на кожата (овие симптоми може да се знак на алергиска реакција).

**Чести несакани дејства (се појавуваат кај помалку од 1 на 10 пациенти):**

- вртоглавица;
- главоболка;
- намалена срцева фреквенција;
- црвенило;
- низок крвен притисок;
- запек;
- гадење;
- оток на стапалата или на скочниот зглоб.

**Не многу чести несакани дејства (се појавуваат кај помалку од 1 на 100 пациенти):**

- неправилно или забрзано пулсирање на срцето;
- стомачна болка;
- замор.

**Ретки несакани дејства (се појавуваат кај помалку од 1 на 1 000 пациенти):**

- пецкање или чувство на пецкање на кожата;
- тремор;
- поспаност;
- чувство на свирење во ушите (тинитус);
- повраќање;
- невообичаено потење.

**Несакани дејства со непозната фреквенција**

- алергиски реакции;
- зголемено ниво на шеќер во крвта;
- високо ниво на калиум;

- нарушувања на движењата;
- парализа;
- грчеви;
- нервоза;
- намалено чувство на допир и оштетување на нервите;
- вртоглавица;
- срцев удар;
- срцева слабост;
- неправилен срцев ритам;
- жаречка болка, црвенило и оток на дланките, стапалата или други делови на екстремитетите;
- тешкотии со дишењето;
- непријатност во стомакот;
- оток на гингивите кој се шири кон забите;
- опструкција на дебелото црево;
- проблеми со црниот дроб;
- оток на устата, усните или на јазикот или тежок исип на кожата;
- исип;
- осетливост на светлина;
- опаѓање на косата (алопеција);
- чешање;
- болки во зглобовите и/или во мускулите и мускулна слабост;
- проблеми со бубрезите;
- импотенција;
- зголемување и оток на градите;
- зголемени вредности на пролактин во крвта што предизвикува создавање млеко во градите/течење млеко од градите;
- зголемување на нивото на ензимите на црниот дроб;
- проблеми со артефицијалниот пејсмејкер.

**Пријавување несакани дејства**
Несаканите реакции од лековите можете да ги пријавите во Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства (ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, кат 1) или по електронски пат преку веб-страницата на Агенцијата – http://malmed.gov.mk

**5. Како да се чува Верапамил Алкалоид ретард**
Лекот не бара посебни услови на чување.
Лекот треба да се чува надвор од дофат на деца!
Не употребувајте Верапамил Алкалоид ретард по датумот на истекот на рокот на употреба, наведен на пакувањето. Датумот на истекот на рокот на употреба се однесува на последниот ден од тој месец.
Лековите не треба да се фрлаат во отпадна вода ниту во смет од домаќинството. Прашајте фармацевт како да ги отстраните лековите што не Ви се потребни. Овие мерки ќе помогнат да се заштити околината.

## 6. Содржина на пакувањето и други информации

**Што содржи Верапамил Алкалоид ретард**

- Активна супстанција: верапамил хидрохлорид.
- Помошни супстанции:

*Таблетно јадро:* лактоза монохидрат, микрокристална целулоза, натриум алгинат, хипромелоза, магнезиум стеарат.

*Филм* обвивка: опадрај син (хипромелоза; талк; макрогол 400; боја E132; железен оксид црн E 172 и железен оксид жолт E172.

**Како изгледа Верапамил Алкалоид ретард и содржина на пакувањето**

Верапамил Алкалоид® ретард таблетите со продолжено ослободување
се долгнавести, сини, биконвексни, филм-обложени таблети, со разделна линија на едната страна.

Таблетите се спакувани во блистери (PVC/Al фолија). Секој блистер содржи 10 таблети. Кутијата содржи 2 блистери (20 таблети) и упатство за корисникот.

**Начин на издавање на лекот**

Лекот може да се издава во аптека само на рецепт (Р).

**Број и датум на решението за промет**

**Производител и носител на одобрението за ставање на лекот во промет**

АЛКАЛОИД АД Скопје
бул. Александар Македонски бр.12
1 000 Скопје, Република Северна Македонија
тел.: + 389 2 31 04 000
факс: + 389 2 31 04 021
www.alkaloid.com.mk

**Датум на последната ревизија на упатството**

Декември 2025 година